# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани корисници!

ЈП „Солидарност“ Виница е формирано од страна на Општина Виница за вршење на комунални услуги на територијата на целата општина, во кои спаѓа и водоснабдувањето на населението со чиста и здрава вода за пиење. Најголем дел од приходите неопходни за своето функционирање ги обезбедува со наплата од населението и стопанските субјекти. Во последно време процентот на наплата на приходите по овој основ е на незадоволително ниско ниво кое негативно се одразува на работењето на претпријатието. Токму заради тоа, на крајот на минатиот месец со последна опомена пред тужба беа опоменати скоро сите корисници кои имаат повеќе неплатени сметки или должат поголем износ на средства. Голем број од опоменатите корисници дојдоа во претпријатието каде склучија спогодби за одложено плаќање.

Но, поголем дел од корисниците ја игнорираа испратената опомена. Токму поради тоа, Ве известуваме дека наскоро против истите корисници ќе поведеме постапка за присилна наплата на долгот по судски пат, со што освен што ќе биде наплатен регуларниот долг кон претпријатието ќе бидете изложени и на дополнителни судски, нотарски и адвокатски трошоци кои секако ќе бидат во значителен износ. Согласно со законските прописи, давателот на услугата има право и да го прекине снабдувањето со вода за пиење во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот.

Очекуваме дека кон ова известување ќе постапите сериозно и нема да дозволите да бидете исклучени од водоводната мрежа или пак непотребно да се изложувате на дополнителни судски и други трошоци.

Виница, 11 Април 2022 г.